СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ПРОЦЕНКА НА ПРОГРАМАТА „СОВЕТИ НА МЛАДИ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА“

декември 2010, Скопје

Автор на проценката:

Јетон Красниќи

Проценката се спроведе во соработка со програмско-техничка поддршка од тимот на Коалиција на младински организации – СЕГА.

Средбите и интервјуата за успешно спроведување на проценката на програмата се реализираа благодарение на безрезервната поддршка и напори на:

г. Зоран Илиески
г. Томислав Гајтаноски
г-а Маја Ивановска Крстевска

**Содржина**

Список на кратенки ……………………………………………………………………….4

Поглавје 1: За проектот и програмата на СЕГА …………………………………..…..5

Поглавје 2: Проценка на програмата Младинско учество во локалната самоуправа

1. Вовед…………………………………………………………………………….8
2. Методологија……………………………………………………………………...9
3. Анализа на резултатите од Проектот – Совети на млади ..........……………....11

Поглавје 3: Препораки

1. Препораки поврзани со создавањето на младинските тела ........................12
2. Препораки за совети на млади за развој на можни програми ......................16

Поглавје 4: Прилози

Прилог 1 - Прашалник ...…………………………………………………….........17
Прилог 2 - Факти произлезени од промените ……………....……………….........19
Прилог 3 - Поддршката на СЕГА, хронолошки по општина ....………..…......20
Прилог 4 - Список на лица за интервјуа ……..……………………………….........22
Прилог 5 - Список на интервјуирани и на учесници на семинарот .....…..........23

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| СЕГА | Коалиција на младински организации – СЕГА |
| ЕЛС | Единица на локалната самоуправа |
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| СМ | Совет на млади |
| МП | Младински парламент |
| КТ | Координативно тело |
| МИ | Младинска иницијатива |
| НВО | Невладина организација |
| ДС | Државен службеник |

**Поглавје 1:** За проектот и програмата на СЕГА

Проектот/програмата **„**Совети на млади во општините“ кој го спроведуваше Коалиција на младински организации – СЕГА (СЕГА) од декември 2008 година до декември 2009 година е реализиран/а со поддршка од Проектот за зајакнување на граѓанското општество, на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД) и спроведуван од Институтот за трајни заедници (ИТЗ).

**- Оправданоста на програмата** „Совети на млади во општините“ е дефинирана на следниов начин: Да се обезбеди институционално учество на младите во донесувањето одлуки во локалните самоуправи. Пристапот со Совети на Млади (СМ) како механизам, меѓу другото, го помага процесот на децентрализација на одговорностите на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во Македонија.

- **Документи во прилог на оправданоста** и навременоста на програмата:
Во согласност со ’’Европската повелба за учество на младите луѓе во локалниот и регионалниот живот’’ (Совет на Европа, 2003), ’’Белата книга за младинска политика’’ (Совет на министри-Совет на Европа, 2001), како и според ’’Националната стратегија за млади на Република Македонија’’ младите лица имаат право да учествуваат во процесите на донесување одлуки кои директно влијаат и го засегаат нивниот секојдневен живот. Според насоките на Повелбата, поглавието III *Институционално учество на млади луѓе во локалните и регионалните работи* дадени се специфични препораки за имплементација на младинското учество, преку стабилни и соодветни структури, како што се СМ. Значаен дел од основната студија која ги испитуваше младинските трендови[1], посветен е на утврдување на перцепцијата на младите кон нивната улога во општеството и начинот на кој младите го гледаат своето учество во процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво. Основните анализи на трендовите кои се актуелни меѓу младите на возраст од 15 - 24 години (спроведени во февруари 2004 година) покажаа дека повеќето од анкетираните испитаници (65%) одговориле дека не се членови на ниту една невладина организација (НВО). Колку за споредба, според податоците кои произлегуваат од Национално истражување[2] на младинските трендови (спроведено во средината на 2010 година), младите се ретко вклучени во донесувањето одлуки и тие се недоволно едуцирани за младинско учество. Тоа, всушност, значи дека локалните самоуправи и владините институции не одвојуваат доволно средства за младинските потреби и реализација на нивните идеи. Според тоа. една од препораките на ова истражување е да се зголемат буџетските ставки за поддршка на младинските иницијативи (МИ).

Во процесот на подготовка на проектот се консултирани ЕЛС, при што е земена предвид географската поставеност на општините, бројот на жители и бројот на млади во нив и, најважното од сè, подготвеноста на ЕЛС за промени во смисла на воспоставување нови механизми за учество преку статутарни промени. Во горенаведениот процес инцијално е воспоставена комуникација со следниве ЕЛС:

---

[1] Основна Студија за Младински трендови, Агенција за млади и спорт на Р.М., Скопје, 2004
[2] Национално истражување на младинските трендови во Република Македонија, Коалиција на младински организации СЕГА, ноември 2010

Прилеп, Битола, Охрид, Струмица, Гази Баба, Тетово, Радовиш, Штип и Ресен, со цел да бидат консултирани за предложениот модел за учество на младите. Во самиот процес, најголем дел од ЕЛС ја имаат поддржано идејата и иницијативата, но сите не покажуваат подготвеност за статутарни промени. Според тоа, тимот на СЕГА ги има избрано само оние ЕЛС кои се подготвени за формирање на СМ преку измени во статутите.

Очекувањата на тимот на СЕГА се дека, на долг рок, Проектот „Совети на млади во општините“ директно ќе придонесе кон реализацијата на две основни стратешки цели од Националната стратегија за млади:

- [3]Активно младинско учество во процесите на донесување одлуки; нивното вклучување во општествениот јавен живот;
- Младинско учество на локално ниво.

**Специфичните цели на програмата** се дефинирани на следниов начин:

1. Воспоставени и институционализирани механизми за младинско учество во работата на локалните самоуправи опфатени со Проектот.
2. Воспоставена практика на утврдување и решавање на локални младински проблеми со вклученост на сите засегнати страни во општините.

**Притоа, резултатите/долгорочното влијание** се поставени на следниов начин:

1. Воспоставени правни процедури во општините кои обезбедуваат учество на младите во работата и донесувањето одлуки на локалните совети
2. Основани три СМ со застапеност на сите засегнати страни во општините што се опфатени со програмата
3. Основани три МП со застапеност на сите засегнати страни во општините што се опфатени со програмата
4. Поддржани три МИ за решавање на приоритетни проблеми на младите.

Опис на **планираните активности** во рамки на Програмата **„**Совети на млади во општините“:

- Преку состаноци за градење на капацитетите, кои во почетокот ќе бидат фацилитирани од СЕГА, членовите на СМ ќе работат на подготовка на правилници за работа, внатрешни процедури, начини и процедури за утврдување на приоритети, како и процедури за комуникација со засегнатите страни на локално ниво. Функционирањето на СМ ќе биде насочено и кон учество во работата и координација на МП, преку кои ќе се црпат информации за актуелните проблеми и потреби на младите на локално ниво, како и пренесување на информации за тековните активности на СМ. Врз основа на оние проблеми и потреби кои ќе ги утврдат МП, советите на млади во текот на август-септември 2009 година ќе работат на подготовка на Програма за работа за 2010 година, за чија имплементација ќе лобираат на седниците на Советот на општините. После завршување на оваа Програма на СЕГА, самите СМ ќе ја преземат улогата на фацилитатори на работата на МП, со што ќе се обезбеди долгорочна соработка меѓу двете групи на млади.

[3] Стретешки цели 6 и 7 од Националната стратегија за млади на РМ, **Партиципација и Информирање на младите луѓе**

- Планирани обуки за СМ во општините: Земајќи ги предвид капацитетите на младите, а пред сè важноста на улогата што ќе ја имаат членовите на СМ во работата на општинските совети, неопходно е да се обезбеди дополнителна поддршка во вид на обуки, со цел да се развијат нивните вештини и способности за работење и застапување. (Прилог 3)
- Планирани ориентациони средби за МП и СМ: За членовите на СМ и МП ќе се организираат две, еднодневни, ориентациони средби на темите: "Младинска партиципација" и "Процесот на децентрализација и надлежности на локалната самоуправа". (Прилог 3)
- Планирано спроведување на МИ: Втората компонента на оваа Програма е насочена кон утврдување и решавање на клучни локални младински проблеми. Во таа насока, од веќе утврдените проблеми кои ги дефинирале групите за дискусија при МП (3-5 клучни младински проблеми), СМ ќе изберат најмалку еден младински проблем кој ќе се решава со финансиска поддршка во рамките на оваа Програма. Вкупната финансиска поддршка ќе нема да изнесува повеќе од 172.800 денари или максимум 57.600 денари по град.
- Според планот за одржливост на СЕГА, со направените измени на статутите на општините, самите ЕЛС треба да си ја преземаат обврската за континуирано формирање на СМ и обезбедување финансиски средства за нивно непречено функционирање. Тоа се очекува бидејќи СЕГА ќе им ги зајакне капацитетите на претставниците на СМ, односно ќе овозможи посетување обуки, со цел да се стекнат со знаења и способности кои ќе им овозможат непречено и професионално извршување на нивната работа.

## Поглавје 2: Проценка на програмата Младинско учество во Локалната Самоуправа

### 1. Вовед

Целта на Проценката на програмата Младинско учество во локалната самоуправа е да се документираат постигнатите резултати на советите на млади (СМ) и младинските парламенти (МП) во ЕЛС Штип, Ресен и Радовиш од почетоците на иницијативата која започна кон крајот на 2008 година до самиот крај на 2010 година. Целта на ова кратко истражување е да ги утврди добрите практики и научените лекции, со цел да се искористат за подобро функционирање на постоечките, а воедно и како насоки за новокреираните СМ и МП. Утврдените бариери и потешкотии со кои се соочуваат овие младински тела се земени предвид во препораките кои произлегуваат од оваа Проценка, со цел да се приспособи пристапот на СЕГА во иднина. Проценката почна да се одвива од септември 2010 година и траеше до крајот на декември 2010 година.

## 2. Методологија:

За потребите на овој проект насочен кон подобрување на директната вклученост на младите во процесите на носење на одлуки во локалната самоуправа и нормално за потребите на оваа анализа работата беше поделена во неколку фази.

Во првата фаза се работеше на обезбедување податоци поврзани со работата на СЕГА во развојот на Програмата „Совети на млади во општините“. Во оваа фаза беше посветено време на анализирање на постоечките извештаи и документи поврзани со известувањето кон донаторите за спроведените програмски активности, односно конкретно произлезените статутарни промени како резултат на директното влијание на програмата и проектот. Врз основа на собраните податоци од сите извештаи и документи и, секако, од очекувањата од оваа Проценка се изготви прашалник (Прилог 1), кој се состои од две групи прашања што го третираат периодот на преговорите за измена на статутите, поддршката на СЕГА за ЕЛС во тој процес, креирањето на СМ и како тоа влијае врз решавање на младинските проблеми на локално ниво. Првата група на прашања е наменета само за вработените во општинската администрација и градоначалникот, а другата група се наменети за членовите на СМ и МП.

Првата група прашања се состои од единаесет прашања од отворен тип поврзани со целиот процес на покренување на промените во Статутот, промената на Статутот, поддршката на СЕГА и начинот на кој целиот процес се отслика на младинските политики на локално ниво.
Втората група на прашања се состои од девет прашања од отворен тип поврзани со функционирањето на новооформеното тело СМ, решавањето на проблемите на младите и градењето на капацитетите на членовите на младинските тела. По подготовката на прашалникот врз основа на извештаите на СЕГА, беше подготвен и список со лица кои се потребни за интервјуирање (Прилог 4).

Втората фаза од Проценката беше посветена на закажување и одржување на средби со лицата од списокот за интервјуа, притоа вкупно беа интервјуирани шестнаесет лица од сите три општини. Беа изведени поединечни интервјуа со еден градоначалник и државни службеници (ДС) од општинската администрација кои биле вклучени во процесот на статутарните промени и креирањето на СМ и МП. Интервјуата се одвиваа на формален начин, во просториите на ЕЛС и во рамки на работното време. Секој ДС беше интервјуиран лице в лице, со просечно времетраење од дваесет минути. На ист начин се изведе и интервјуто со градоначалникот на општина Штип.
Средбите со членовите на СМ и МП се одвиваа со поинаква динамика, при што младите требаше да ги искажат своите искрени мисли и грижи, со цел да се добие реалната слика за состојбата со СМ. Интервјуата беа спроведени во простории на ЕЛС во рамки на работното време. Беше избран формално – неформалниот карактер на интервјуирање заради постигнување релаксирана атмосфера и намалување на стравот од формално испрашување и можна злоупотреба на податоците на штета на членовите на тие тела. Интервјуата не траеја повеќе од дваесет минути поединечно. Истиот пристап беше искористен при интервјуирање на членови на МП и на директните корисници на активностите што произлегоа од реализираните Младински иницијативи (МИ) во рамки на програмата на СЕГА.

Неколку од интервјуата со младите корисници од МИ беа спроведени во група од двајца, со цел да се намали тензијата и да се даде на значење дека е тоа неформален начин на собирање податоци за подобрување на идната програмската поддршка на СЕГА. Преку користењето на групниот пристап се очекуваше да се постигне ефект од едукативен карактер, односно самите прашања од прашалникот да поттикнат длабинско размислување во насока на понатамошно функционирање на младинските тела.

При анализата на белешките од интервјуата беше избран квалитативен пристап на анализа поради малиот број на достапни испитаници. Односно малиот број на извршени интервјуа со членовите на младинските тела не дозволуваше да се прикажат релевантни квантитативни статистички податоци. Во суштина извлечени се трендови од нивните одговори и се пресликани во препораките и насоки за подобрување на идните програми.
Во текот на оваа фаза се одржа и семинар на кој присуствуваа тринаесет учесници, односно поголемиот дел од активните членови на постоечките два СМ, како и од членови на МП во трите ЕЛС (Прилог 5). Притоа на семинарот тематски беа покриени следниве области: опис на механизмот СМ и МП – како и концептот, начинот на кој се дефинираат приоритетите за работа, примери за застапувањето и лобирањето за младински проблеми и работа на годишната програма за 2011 година. Семинарот покрај едукативната улога исто така послужи за проверка на можните решенија и препораки за функционирањето на СМ и МП со сите учесници но и за споредба на различните пристапи во трите ЕЛС.

Во последната фаза, сублимираните наоди и податоци од претходните фази беа искористени за извлекување на препораките, како и финална обработка на проценката.

## 3. Анализа на резултатите од проектот – Совети на млади

Очекуваните резултати што ги постави СЕГА на проектно ниво се речиси стопостотно реализирани, со единствен исклучок во ЕЛС Ресен, каде сѐ уште не е оформен СМ, бидејќи има еден вид на недоумица околу критериумите за избор и несигурност во одржливоста на механизмот, поради финансиските потешкотии на ЕЛС Ресен. До моментот на траење на проектот „Совети на млади во општините“ функционирале трите МП и тоа најчесто преку средбите на координативните тела (КТ). (Прилог 2) КТ биле најактивни во периодот на подготовка на предлози за МИ во рамки на проектот на СЕГА, а од кои СЕГА има одобрено вкупно четири.

- СЕГА има иницирано и фацилитирано низа состаноци за градење на капацитетите, на кои членовите на СМ и КТ работеле на подготовка на правилници за работа, внатрешни процедури, начини и процедури за утврдување на приоритети, како и процедури за комуникација со засегнатите страни на локално ниво. Функционирањето на СМ во Штип и Радовиш е насочувано кон учество во работата и координација на МП преку кои се црпеле информации за актуелните проблеми и потреби на младите на локално ниво, како и пренесување на информации за тековните активности на СМ. Врз основа на проблемите и потребите кои ги утврдиле МП, со СМ во Штип и Радовиш во текот на октомври-ноември 2009 година се работело на подготовка на Програма за работа за 2010 година, за чија реализација требало да лобираат на седниците на Советот на општините. За жал, после завршување на проектот на СЕГА, СМ, и покрај јасната обврска, не ја преземаат целосно улогата на фацилитатори на работата на МП, со што доаѓа до делумна деградација на КТ и МП во сите три ЕЛС.

- СЕГА ги има реализирано сите планирани обуки за СМ во општините, со цел развивање на нивните вештини и способности за работење и застапување. Истото се однесува и на планираните ориентациони средби за КТ на МП и членовите на постоечките СМ. (Прилог 3)

- Што се однесува до реализацијата на МИ со цел да се исполни втората компонента од Проектот, СЕГА има поддржано вкупно четири МИ во трите ЕЛС. (од кои две во ЕЛС Ресен, поради оригиналноста и ефектот на идеите за МИ на КТ). Вкупната финансиска поддршка за МИ изнесуваше 135.405 денари, со минимална програмска и финансиска поддршка од трите ЕЛС.

- Со првичниот план за одржливост на СЕГА после направените измени на статутите на општините, самите ЕЛС се очекувало да си ја преземаат обврската за континуирано формирање на СМ и обезбедување финансиски средства за нивно непречено функционирање. Во реалноста, СМ активно функционира само во ЕЛС Штип, а во ЕЛС Радовиш после последната средба на СМ што ја има иницирано СЕГА немало никаква активност поради неажурност и незаинтересираност на претседателот на СМ. Притоа во ЕЛС Ресен, МС сѐ уште не е оформен поради непостоењето на конректен предлог/прифатливо решение за избор на членовите. КТ на МП речиси и да не постојат во трите ЕЛС, поради непостоењето на функционален механизам за мобилизирање на младите, односно недостигот на проекти и МИ за да се мотивираат членовите.

## Поглавје 3: Препораки

### 1. Препораки поврзани со создавањето на младинските тела и нивното функционирање и опстојување

Овој документ содржи препораки за подобрување на начините за младинско учество во локалната самоуправа во Република Македонија. Препораките од проценката, пред сѐ произлегуваат од она што е изнесено во проектните документи, тромесечните извештаи на СЕГА поврзани со програмата и проектот за Совети на млади во општините, како и од дискусиите на повеќе од дваесет засегнати страни, од кои дел беа интервјуирани за целите на проценката, а другиот дел беа учесници на одржаниот семинар. Интервјуата за Проценката и семинарот беа спроведени во периодот септември - декември 2010 година.

Голем дел од препораките имаат општ карактер и меѓусебно се надополнуваат. Во зависност од тоа за кого се однесуваат, од практични причини тие се претставени во четири групи. Првата група препораки се однесува на СЕГА, втората на СЕГА и ЕЛС, третата на СЕГА/АМС/ЕЛС и четвртата група на МС.

Препораките се изнесени на краток и прегледен начин, со кратки објаснувања или примери, онаму каде што е возможно. Пристапот на оваа проценка е пред се да овозможи практична димензија и да помогне при планирањето на следните активности поврзани со учество на младите на локално ниво преку програмата Совети на млади.

Препораки кои се однесуваат на СЕГА:

- Периодите на летните одмори и на новогодишните празници сериозно го успоруваат процесот на промена на статут и назначување членови, како и сличните активности. Тоа треба да се има предвид при развој на програмска динамика и очекувања и доколку е планирано за шест месеци да се изведат модификациите на статутите, а притоа тоа се поклопи со летните одмори, тоа би значело дека процесот ќе трае речиси осум месеци.
- Да се размисли при идните активности да се користи за пример некоја успешна ЕЛС каде креираниот СМ функционира и дава резултати. Да се воведе блага доза на компетитивност меѓу ЕЛС, со цел да се популаризира процесот и да добие на поголемо значење.
- Бидејќи претседателот на СМ има доста централна и одговорна улога, би било добро да се изнајде соодветен легитимен начин кој ќе гарантира промена на претседателот во услови кога би ја кочел и саботирал работата на ова тело. (најбезболна варијанта за сите би било да има заменик-претседател, кој би ја вршел таа улога до назначувањето на нов претседател).
- Да се изнајде начин да се промовира родова еднаквост и да се постави функционален механизам за позитивна дискриминација, со цел да се поттикне назначување на повеќе претседатели од женски род во идните и постоечките СМ. Може да се постави некоја почетна цел од 30% за идните претседатели на СМ.
- Да се размисли дали СМ и МП со своите членови да ги опфаќа и малолетните млади лица. Најверојатно младите лица на 17-годишна

возраст ја претставуваат прифатливата долна возрасна граница за вклучување во младинските тела. Помладите возрасти би требало да ги вклучува детскиот совет, односно тој треба да ги опфаќа младите лица од 15 до 18-годишна возраст.

<u>Препораки кои се однесуваат на СЕГА и ЕЛС:</u>

- Ако во текот на процесот на правењето на статутарните измени се случат избори (особено доколку се локални) голем е ризикот да имаат влијание врз динамиката на спроведување на проектните активности поврзани со оформување на СМ. Сето ова е можно бидејќи идејата за СМ прво се презентира и дискутира со градоначалникот, и потоа ако е тоа прифатена и одобрена идеја се иде на друго ниво на комуникација и соработка (со лица од ЕЛС назначени од градоначалникот).
- Врз основа на анализата на динамиката на реализација на проектот со статутарните промени во трите пилот – ЕЛС, на СЕГА. во просек, ѝ е потребен период од шест месеци од започнување со иницијалните состаноци до моментот на креирање на телото СМ. Но, исто така, треба да се земе предвид и големината на ЕЛС, ако е од помалите, можно е да им треба повеќе време да се направат промените и оформувањето на СМ и МП поради преоптовареноста на службите на ЕЛС.
- Ако ЕЛС одлучи да го менува цел статут со нова верзија, обично тоа како процес може да потрае подолго, во споредба со пристапот кога се менува со статутарна одлука. Треба да се провери прво со идните заинтересирани ЕЛС и нивните правни служби за кој начин на промена ќе се одлучат и, соодветно на тоа, да се планира динамиката на активностите. (Прилог 3)
- При започнувањето на идните иницијативи за креирање на СМ во други заинтересирани ЕЛС битно е да се земе предвид тековната финансиска состојба на ЕЛС (дали е блокирана сметката и до кога се очекува да се регулираат тие долгови), со цел да се избегне недостигот на финансиска поддршка на новооформените младински тела.
- При преговорите со ЕЛС/градоначалник да се утврди дали ЕЛС, воопшто, сака да се посвети на функционирањето на СМ како ново тело или статутарните промени би се правеле само формално поради моментната добра волја на општинските претставници.
- Да се најде начин да се надмине назначувањето преку партиските младински ограноци, бидејќи тој пристап може да создаде потешкотии во понатамошното функционирање на младинските тела. Назначениот член не секогаш ја разбира улогата која му е дадена во новокреираното младинско тело. Може да се размисли за некој начин на гласање кој би се спровел преку средните училишта и факултети, со цел да се избегне непотребното политизирање на процесот на младинско учество.
- Критериумите за избор/разрешување на членови на СМ и координативното тело на МП е битно да се наведат во Статутот, со цел да се избегнат потешкотии во оформувањето на овие тела.
- Во мултиетничките заедници е потребно да се размисли дали треба да има ротирачки претседатели на СМ од двете или трите поголеми заедници, со цел новото тело да се стекне со поголем легитимитет и доверба меѓу сите младински групи.

- Да се разјасни концептот на МИ со ЕЛС и со членовите на СМ. Да се преговара за одреден годишен фонд (или евентуално процент од годишен буџет на ЕЛС) кој би бил наменет за МИ, за да ги мотивира младите да се занимаваат со решавање на нивните проблемите и да учествуваат во нудењето можни решенија.
- Кога ќе се креира СМ задолжително е на членовите да им се објасни дека најдоцна до 30 ноември мора да подготват и достават Годишна програма за следната календарска година на одобрување од страна на Советот на општината. Најчесто оваа Годишна програма треба да содржи и финансиски план за нејзино спроведување, односно буџет. На сите членови на СМ треба да им е јасно дека доколку немаат финансиски план во прилог на програмата ќе биде отежнато нивното функционирање во текот на наредната календарска година.
- При оформување на СМ на членовите треба да им се појасни дека е потребно да се одговорни и отчетни за својата работа/функција пред Советот на општината. Поточно, ќе треба да известуваат на полугодишно или годишно ниво за активностите на СМ. Пожелно е ЕЛС да им посочи формат за извештајот и што се очекува да се содржи во него. Тоа ќе значи дека ќе биде неопходно јасно да се поделат улогите меѓу членовите, за да се почитуваат зададените рокови и содржината на извештајот.
- При оформување на СМ во новозаинтересираните ЕЛС да се размисли дали е потребно да се постави горна возрасна граница за да се стане член на СМ. Бидејќи и лица над 30-годишна возраст може да бидат успешни младински активисти, кои со своето искуство и посветеност можат да придонесат за подобро функционирање на телото.
- Ако самата ЕЛС нема можности да ги гради и развива капацитетите на членовите на СМ тогаш потребно е да се утврди кој се очекува да ги гради и со кои средства. На самиот почеток треба да се објасни дека поддршката на СЕГА е ограничена и зависи од донации и фондови кои најчесто не потекнуваат од Македонија. Дали кога ќе се намали подршката на СЕГА ќе се појави ризик да се распаднат СМ и МП и сите нивни активности?
- Да се размисли дали може СМ сам да прибира донации и да мобилизира средства имајќи предвид дека не е посебно правно лице. Дали има можност планот за финансиска одржливост преку ЕЛС да биде прецизиран некако?
- СМ, покрај останатите свои активности во текот на годината, би можел да се занимава и со годишно ажурирање на статистичките податоци од ЕЛС поврзани со младите (нивниот број во општината, процентуална застапеност во однос на населението на општината, возрасни групи, урбана/рурална распределба, средношколци/бруцоши и сл.). Сето тоа ќе помогне во полесно дефинирање на работните програми и попрецизно дефинирање на приоритетите на локално ниво. СМ треба да ги дефинира своите пристапи за различните возрасни групи на млади во својата општина. Истата порака и активности нема да ги привлечат сите возрасни групи на ист начин.

Препораки кои се однесуваат на СЕГА и АМС/ЕЛС:

- Од самиот почеток на иницирањето на статутарните промени да се испитаат можности за соработка со Агенција за млади и спорт – (АМС) (да се иде на еден вид на институционализирање на пристапот СМ во секоја ЕЛС). Соработката би можело да оди исто во насока на изнаоѓање заеднички средства за јакнење на капацитетите на членовите на новооформените тела, креирање на јавно достапна мрежа со контакти на сите членови и иницирање на соработка со НВОи кои веќе ги поддржува АМС.
- Дали неодамнешната идеја за иницирање закон за млади во Република Македонија ќе смени нешто во имплементацијата/функционирањето на СМ? Ако се утврди решение со кое СМ (заедно со статутарните промени) ќе бидат ставени како законска обврска на секоја ЕЛС (независно со кој закон), треба да се најде модел кој ќе важи за сите и што ќе овозможи вистинска одржливост и функционалност на младинските тела.

Препораки кои се однесуваат на СМ:

- Членовите на СМ е потребно поконкретно да ги дефинираат механизмите за соработка со МП, преку конкретизирање на начините на регрутирање на нови членови и справување со константниот одлив на млади од ова тело. Работата на координативното тело (КТ) е еден начин за ова, но не за да се преклопуваат обврските со СМ.
- СМ не може секогаш сам да спроведува активности што се предвидени во годишна програма. Треба да се активираат членовите на КТ на МП, со цел да се мобилизираат и другите заинтересирани/засегнати млади.
- Да се внимава при креирањето на годишната програма за секој СМ, по можност да не се наруши соодносот на рурални/урбани приоритети на младите во општината.
- Треба повеќе да се промовираат МИ, со цел младите да ја развијат својата перцепција за таквиот вид активности. МИ треба да ги мотивираат младите да бидат дел од нешто што ќе им даде чувство на припадност и препознавање од локалната заедница. (примерот со средношколските ракометарки од МИ во Ресен и нивниот прв дрес со заштитни бои и име на тимот)
- Младите секогаш не разбираат што е НВО и МИ и можеби затоа и не се мотивирани да се вклучуваат во активности поврзани со тој вид на организација, ниту, пак, им се дава доволно можност поконкретно да го разберат волонтирањето и МИ.
- СМ треба да е свесен дека е потребно да бара и регрутира нови идни членови, да креира еден вид на резервен список во случај доколку некој од постоечките членови биде разрешен по разни основи.

## 2. Препораки за СМ за развој на можни програми

Целта на овие препораки е за да се придобие вниманието на младите во општините/заедниците, со цел да се започне со решавање на младинските проблеми на локално ниво со мали, но битни чекори. Бидејќи младите најчесто не знаат точно од каде да почнат при изборот на приоритети за решавање и организирање наместо заклучок може да се понудат следниве препораки како можни насоки за развој на младински програми:

- Уредување на јавниот простор каде што младите се често присутни. Нивното учество во оваа активност нуди можност за креативно изразување и прифаќање на јавниот просторот.
- Организирање на повремени квартални културни настани (концерти, изложби, манифестации, аматерски театри и сл.), со акцент врз промовирање на локалните млади уметници, односно давање на признание за нивниот труд.
- Еко - активности кои ќе бидат суптилно поврзани со: планинарење/ пешачење по постоечки и познати патеки за младите за пешачење во природа (би вклучувале организиран планински велосипедизам, извиднички активности, соработка со планинарски друштва, промовирање на спортско качување на карпи и сл.)
- Организирање спортски активности/натпревари поврзани со училишните/универзитетските постоечки спортски тимови (машка и женска лига)
- Отстапување за користење на празните општински простории/приспособување на просторот, инсталирање на опрема за да ги привлече младите (пинг - понг маси, мал фудбал, кино - проекции и сл.)
- Иницирање на некој вид меѓуопштинска соработка на ниво на младински иницијативи/спортски настани/културна размена, особено меѓу помалите соседни општини.
- Отворање дискусија преку дебати на локалните медиуми и онлајн просторот (познати форуми/ФБ групи) кои го третираат проблемот со миграцијата на младите (урбано-рурално/’одлив на мозоци’, негативен наталитет и сл.)

## Поглавје 4: Прилози

### Прилог 1 - Прашалник

Коалиција СЕГА
Проект: Младински совети (Штип, Ресен, Радовиш)
Подготвил: Јетон Красниќи
Датум: 23 септември 2010г.

**ПРАШАЛНИК**
**за интервјуа за проценката на проектот**

Двете основни стратешки цели на Националната стратегија за млади
- Активно младинско учество во процесите на донесување одлуки
- Младинско учество на локално ниво

**- Прашања за ДС во ЕЛС/градоначалник**

1. Кога би го правеле процесот на промена на статутот одново, со цел да се оформат советите на млади како би изгледало тоа?
2. Дали ви беше доволно времето за да можете да ги почитувате сите аспекти на процесот на промена на Статутот и креирањето на Советот на млади? Дали 6 месеци е реален рок за да се направи промената и да се основа новото тело?
3. Каква беше улогата на СЕГА во процесот?
4. Што би промениле во пристапот на СЕГА?
5. Дали имате потреба од надворешна поддршка (програмска), со цел да се подобри функционирањето на Младинскиот совет?
6. Дали во вашиот буџет имате наменето ставка која ќе го овозможи функционирањето на младинските тела?
7. Има ли можност да воспоставите редовен годишен фонд за изведба на младински иницијативи, со цел да се решаваат локалните младинските проблеми што се произлезени како приоритети?
8. Колку се решаваат локалните младински проблеми преку Советот на млади и Парламентот во вашата општина?
9. Дали сте во тек со работата на Советот на млади? Дали ве известуваат и дали вие се интересирате за нивното работење?
10. Има ли пример кога сте излегле во пресрет на некое нивно барање?
11. Дали сте размислиле да координирате некои од младинските активности со АМС?

**– Прашање за членови на Советот на млади**

1. Колку Советот на млади е во улога на фацилитатор на работата на Младинскиот парламент. Колку средби сте иницирале или на колку нивни барања сте им излегле во пресрет?

**- Прашања за членови на Младинскиот совет исто така и на Младинскиот парламент/координативното тело.**

1. Колку се решаваат локалните младински проблеми преку Советот на млади и Парламентот во вашата општина?

2. Дали воспоставените тела, механизми се практикуваат во реалноста? Примери

3. Колку средби имаше вашето тело во изминатата година (од основањето)? – Дали имаа ефект младинските иницијативи во решавањето на локалните младински проблеми? Дали освен младинските иницијативи поддржани преку СЕГА организиравте некои други во изминатата година (од основањето)? Дали сте пробале да ги вклучите АМС во оваа активност (програмски и финансиски)?

4. Дали ги дефиниравте приоритетите на младите и на кој начин?

5. Како ја гледате улогата на СЕГА во помошта за подготовката на разните внатрешни процедури и правилници на вашето тело? Дали и понатаму ви е потребна поддршка од СЕГА за да функционирате/опстојувате?
Дали општината продолжи да ви пружа помош во работењето на истото ниво како и СЕГА?

6. Колку редовно се среќавате и која беше улогата на СЕГА во координирањето и организирањето на редовните средби на вашето тело?

7. Дали планирате да почнете да работите на Годишната програма за 2011 пред 30 ноември. Дали ви е потребна помош од СЕГА или некој поединец за да го изведете тоа?

8. Што е сработено од Годишната програма за 2010? Дали подготвивте извештај за Советот на општината?

9. Какви дополнителни обуки, ориентациони средби ви се потребни за да функционирате? Кој очекувате да ги организира и покрие финансиски?

- Прашања за членовите на НВО и младите кои биле вклучени во спроведувањето на младинските иницијативи ќе се поставуваат од списокот на прашања за Младинскиот совет/парламент, под услов да е релевантно за нив со цел да може да го одговорат.

**Прилог 2**

**<u>Факти</u>** поврзани со статутарните промени и креирањето на СМ и МП во трите општини:

**<u>Општина Радовиш</u>**

Совет на млади

- Членови смеат да бидат лица на возраст од 15 до 29 години од општина Радовиш.
- СМ во општина Радовиш се состои од вкупно 5 члена
- Мандатот на членовите на СМ на општина Радовиш е на 2 години.
- Кога некое од лицата што се веќе членови на советот на млади во општина Радовиш ќе наполни 30 години тогаш Советот на општината го разрешува.
- СМ во општина Радовиш треба да одржува најмалку 1 седница на 2 месеци.
- СМ во општина Радовиш треба да изготвува програма за работа и финансиски план за секоја календарска година и да ја достави на одобрување до Советот во општина Радовиш не покасно од 30 ноември.
- Обврска на СМ во општина Радовиш е да доставува полугодишен извештај за својата работа до Советот во општина Радовиш.

**<u>Општина Ресен</u>**

Совет на млади

- СМ во општина Ресен се состои од вкупно 7 члена.
- Претседателот на СМ во општина Ресен е се мандат од 2 години.
- СМ во општина Ресен треба да одржува најмалку 1 седница на 2 месеци.
- Кога некое од лицата што се веќе членови на СМ во општина Ресен ќе наполни 30 години тогаш Советот на општината го разрешува.
- СМ во општина Ресен треба да подготвува програма за работа за секоја календарска година и да ја достави на одобрување до Советот во општина Ресен не подоцна од 30 ноември.
- Обврска на СМ во општина Ресен е да доставува полугодишен извештај за својата работа до Советот во општина Ресен.

**<u>Општина Штип</u>**

1. Совет на млади

- СМ во општина Штип се состои од вкупно 9 члена.
- Претседателот на СМ во општина Штип е се мандат од 4 години.
- Има и назначено заменик на претседател на СМ
- СМ во општина Штип треба да одржува најмалку 1 седница месечно.

2. Младински парламент

- КТ на МП во општина Штип се состои од вкупно11 члена.
- КТ на МП во општина Штип е со мандат од 1 година.
- КТ на МП во општина Штип треба да одржува најмалку 2 седници месечно.
- КТ на МП во општина Штип треба да подготвува програма за работа за секоја календарска година.
- Обврска на КТ на МП во општина Штип е да доставува полугодишен и годишен извештај за својата работа до МП во општина Штип.

**Прилог 3**
- Реализирани средби поврзани подршката на СЕГА во текот на креирањето на Совети на Млади во трите општини:

**Општина Штип**

- Состанок со г. Панде Сарев, предходен градоначалник – 23 декември 2008
- Информативен состанок со младите во општината – 28 април 2009
- Младински парламент, конститутивна седница – 21 мај 2009
- Состанок со г. Зоран Алексов, тековен градоначалник – 21 мај 2009
- Состанок со г-а Сузана Николовска, претседател на совет – мај 2009
- Состанок со г. Бојан Кеременстевски, Советник, комисија за млади –мај 2009
- Состанок со г-а Сузана Николовска, претседател на совет –10 јули 2009
- Обука за фацилитација – јуни 2009
- Обука за пишување проекти – 23 август 2009
- Прв состанок на младинскиот парламент – 30 јуни 2009
- Состанок со г-а Сузана Николовска, претседател на совет – 2 септември 2009
- Состанок со г. Бојан Кеременстевски, советник, Комисија за млади – 2 септември 2009
- Прв состанок на Советот на млади – 2 октомври 2009
- Ориентациона средба за членовите на Советот на млади – 14 октомври 2009
- Работилница за подготовка на годишна програма за 2010г. – 27 октомври 2009
- Работна средба за подготовка на акционен план – 16 ноември 2009
- Обука за младински политики – 3 ноември 2009
- Средба во врска со предлозите за младински иницијативи – 4 декември 2009
- Обука за застапување и лобирање – 11 до 13 декември 2009

**Општина Ресен**

- Состанок со г. Димитар Бузлевски, предходен градоначалник –15 декември 2008
- Состанок со г. Димитар Бузлевски, предходен гГрадоначалник – 18 декември 2008
- Состанок со г. Димитар Бузлевски, предходен Градоначалник – 24 декември 2008
- Промотивен настан за младите со предходниот градоначалник – 20 февруари 2009
- Состанок со г. Михаил Волкановски, тековен градоначалник – 23 април 2009
- Информативен состанок со младите во општината – 27 април 2009
- Младински парламент, конститутивна седница – 19 мај 2009
- Обука за фацилитација на членовите на координативното тело – 21 јули 2009
- Обука за пишување проекти на членовите на координативното тело – 30 јули 2009
- Состанок со г. Кире Божиновски, Советник - 27 септември 2009

- Обука за пишување проекти за членовите на координативното тело – 15 октомври 2009
- Ориентациона средба на тема децентрализација за членовите на координативното тело – 24 ноември 2009
- Обука за младински политики за членовите на координативното тело – 25 ноември 2009
- Состанок со г-а Дијана Кремшовска, Секретар на општината – 04 ноември 2009
- Средба во врска со предлозите за младински иницијативи – 14 ноември 2009
- Обука за застапување и лобирање – 11 до 13 декември 2009

**<u>Општина Радовиш</u>**

- Состанок со г. Роберт Велков, Градоначалник – 21 јануари 2009
- Состанок со правната служба –18 февруари 2009
- Информативен состанок со младите во општината – 8 мај 2009
- Младински парламент, конститутивна седница – 18 мај 2009
- Состанок со г-а Оливера Долдурова, советник – 22 мај 2009
- Состанок со г-а Тања Тодорова, Комисија за статут – 22 мај 2009
- Состанок со г-а Оливера Долдурова, советник – 8 јули 2009
- Обука за фацилитација на членовите на координативното тело – 22 јули 2009
- Обука за пишување проекти на членовите на координативното тело – 6 август 2009
- Состанок со г-а Оливера Долдурова, Советник – 7 септември 2009
- Обука за пишување проекти за членовите на Младинскиот совет – 3 декември 2009
- Обука за младински политики за членовите на Младинскиот совет – 3 декември 2009
- Обука за застапување и лобирање – 11 до 13 декември 2009
- Прва сесија на Младинскиот парламент – 14 декември 2009
- Ориентациона средба на тема децентрализација за членовите на Младинскиот совет – 28 декември 2009

## Прилог 4 - Список на лица за интервјуа

Коалиција СЕГА
Проект: Младински совети (Штип, Ресен, Радовиш)
Подготвил: Јетон Красниќи
Датум: 23 септември 2010г.

**Список на лица потребни за интервјуа за проценка на проектот:**

**<u>Штип</u>**
1. г-а Сузана Николовска, претседател на совет
2. г. Бојан Кереместевски, советник/МС
3. г. Зоран Алексов, градоначалник

- 5 члена од МС (претседател, заменик + 3) – мин. 2 од нив да се од женски пол и еден од 5те да е од малцинска заедница.
- 5 члена од МП, КТ (претседател, заменик +3) - мин. 2 од нив да се од женски пол и еден од 5те да е од малцинска заедница.
- Членови на 1-2 НВО од Штип што се во тек со концептот МС
- 2 млади што биле дел од групата што ја организираше МИ, а не се членови на некое од горенаведените тела.

**<u>Радовиш</u>**
1. г-а Оливера Долдурова, советник
2. г-а Тања Тодорова, Комисија за статут

- 5 члена од Младинскиот Совет (претседател, заменик ..)
1. Ангел Манев, ВМРО - ДПМНЕ
2. Наце Николов, СДСМ
3. Александар Кулашиќ, Сојуз на студенти на унив „Гоце Делчев“
4. Драгица Мицовска, средношколска младина „Коста Сусунов“
5. Игор Гоцевски, претставник на НВО

- 5 члена од МП, КТ (претседател, заменик +3) -мин. 2 од нив да се од женски пол и еден од 5те да е од малцинска заедница.
- 2 млади што биле дел од групата што ја организираше МИ, а не се членови на некое од горенаведените тела.

**<u>Ресен</u>**
1. г. Кире Божиновски, Советник
2. г-а Дијана Кремшовска Секретарот на општината

- 5 члена од МС (претседател, заменик + 3) – мин. 2 од нив да се од женски пол и еден од 5те да е од малцинска заедница.
- 5 члена од МП, КТ (претседател, заменик +3) - мин. 2 од нив да се од женски пол и еден од 5те да е од малцинска заедница.
- Членови на 1-2 НВО од Ресен што се во тек со концептот МС, евентуално тие што веќе членуваат во МП.
- 2 млади што биле дел од групата што ја организираше МИ, а не се членови на некое од горенаведените тела (од 2те иницијативи по можност).

**Прилог 5**

- Список на интервјуираните лица за потребите на Проценката.

Ресен

- 19 октомври 2010; г-а Александра Нечовска (15г.) – средношколка, ракометарка (учесничка во младинската иницијатива)
- 19 октомври 2010; г-а Марија Шиклевска (17г.) - средношколка, ракометарка (учесничка во младинската иницијатива)
- 19 октомври 2010; г. Кире Божиновски, советник
- 19 октомври 2010; г-а Дијана Кремшовска, секретар на општина Ресен
- 19 октомври 2010; г-а Соња Фузевска Наумовска, член на МС, претставник на НВО

Радовиш

- 10 ноември 2010; г-а Оливера Долдурова, советник
- 10 ноември 2010; г-а Тања Тодорова, член во Комисија за статут
- 10 ноември 2010; г. Ѓорѓи Манев (26г.), советник од ВМРО
- 10 ноември 2010; г. Игор Гоцевски (29г.), член на МС, претставник на НВО

Штип

- 24. декември 2010; г. Зоран Алексов, градоначалник на општина Штип
- 24 декември 2010; г. Бојан Керeместевски, претседател СМ на Општина Штип
- 24 декември 2010; г-а Елена Георгијевска, заменик - претседател на Совет на млади Општина Штип
- 24 декември 2010; г. Даниел Јовевски (18г.) член на СМ на општина Штип
- 24 декември 2010; г. Михаил Георгиев (23г.) член на СМ на општина Штип
- 24 декември 2010; г. Зоран Саздовски (27г.) член на СМ на општина Штип
- 24. декември 2010; г. Бобан Спиров, член на СМ на општина Штип

- Список на учесници на семинарот на тема - Младински совети - кој се одржа во Хотел „Белведере“, Охрид во периодот од 19 до 21 ноември 2010 година.

1. г. Бобан Спиров, Совет на млади општина Штип
2. г-а Елена Георгијевска, Совет на млади општина Штип
3. г-а Никица Атанасова, Совет на млади општина Штип
4. г. Озен Демиров, Совет на млади општина Штип
5. г. Кире Андонов, РК СЕГА Форум општина Штип
6. г-а Драгана Митровиќ, РК СЕГА Штип
7. г-а Ана Трајчевска, Младински парламент Општина Ресен
8. г. Кире Божиновски, Советник, општина Ресен
9. г. Влатко Манев, Совет на млади општина Радовиш
10. г. Влатко Јакимов, Совет на млади општина Радовиш
11. г. Александар Кулушиќ, Совет на млади општина Радовиш
12. Г. Игор Гоцевски, Совет на млади општина Радовиш
13. г. Никола Трајчев, Младински Парламент Општина Радовиш